МАКЕДОНСКИТЕ УМЕТНИЦИ И ВЕНЕЦИСКОТО БИЕНАЛЕ

# Дали ќе потоне и овој брод за Венеција?

**Доцна е за пријавување учество на Биеналето, зашто Македонија нема свој уметнички павилјон во Венеција, вели Петровски**

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Македонија нема избрано свој претставник за големата светска манифестација - биеналето во Венеција. Рокот за пријавување на учесниците заврши во минатиот месец. Министерството за култура годинава не распиша конкурс за избор на авторот што ќе ја претставува македонската уметност, кој вообичаено се објавува во јуни. Во Министерството за култура велат дека конкурсот за биеналето треба да се објави.

- Немам никаква информација што прави Министерството за култура, но сметам дека е доцна за пријавување. Лани имаше многу недоразбирања. Овојпат МСУ нема да учествува. Ако ресорното министерство ни ја додели организацијата, секако дека ќе ја прифатиме, но самостојно нема да организираме. Музејот на современа уметност ја одведе Македонија во Венециското биенале. Бевме првите организатори и овојпат би биле повторно успешни - рече Зоран Петровски, директор на Музејот за современата уметност.

Викторија Васева-Димеска, директорка на Уметничката галерија Скопје, вели дека за организирање за македонското учество на биеналето решава Министерството за култура. „Сите планови и проекти за идните две години се доставени и го чекаме решението. Ако ресорното министерство ни ја довери организацијата, ние ќе ја прифатиме. Секој конкурент е свесен дека биеналето во Венеција е една од најреномираните светски културни манифестации. Иако времето е веќе одминато, сметам дека учеството ќе може да се организира. Не мора да учествуваме со мегаломански проект, кој чини многу. Може да учествуваат институции и индивидуалци. Единствен проблем може да биде изнајмувањето павилјон", вели Васева-Димеска.

Уметничкото биенале во Венеција ќе се одржи на простор од 12.000 квадратни метри, изложбен простор меѓу Павилјон Италија и Арсенал, во Венеција. Тоа е простор за земји што имаат павилјони. На другите учесници ќе им се изнајми простор во Џардини. Тема на изложбата е „Плато на човештвото", а



„Прекрасно суштество" на Искра Димитрова, македонски претставник на минатогодишното Венециско биенале

директор е Харалд Циман. Центарот на случувањата ќе биде Театро ал Тесе. Ќе има и придружна програма: кино, танц, музика, театар.

Македонија е од земјите-учеснички што немаат свој павилјон во Венеција. Во таков случај организаторот изнајмува павилјон-простор за изложување на земјите, ако се пријавиле на конкурсот.

Досега нашата земја на Биеналето учествуваше трипати: прввпат во 1993 година со инсталациите на скулпторите Глигор Стефанов и Петре Николоски, кога организатор беше Музејот на современата уметност. По пауза од четири години, нашата земја се претстави со скулптури од Анета Светиева, а во организација на Уметничката галерија Скопје. Во минатата година Музејот на современа уметност учествуваше независно од државата, со проектот „Прекрасно суштество" на Искра Димитрова, откако проектот на Петар Хаџи Бошков од Министерството за култура беше оценет како прескап. ■